Република Македонија
**Министерство за финансии**

## ДО: ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Бр. 15 – 467/52/2
Скопје ,21.01.2011 година

**Предмет:** **Забелешки и коментари по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**
**Врска:** **Ваш допис бр. 13-221/33 од 29.12.2010 година**

**Влада на Република Македонија**
**Министерство за финансии**
**Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола**
Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106 324
Факс:++ 389 2 3106324
trajko.spasovski@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
26. 01. 2011
13 231/1

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт ревизорски извештај бр.13-221/32 од 29.12.2010 година, ги доставуваме следниве забелешки на истиот:

1. Констатацијата дека се донесени 10 од вкупно 13 подзаконски акти, предлагаме да се дополни со донесени два подзаконски акти и тоа Прирачникот за финансиско управување и контрола и Прирачникот за внатрешна ревизија кои се одобрени од министерот за финансии и објавени на веб страната на Министерството за финансии.

2. Констатацијата дека Стратегијата за развој на ЈВФК 2010-2012 година не е усвоена не е точна бидејќи истата е усвоена од Владата на Република Македонија на 167 – та седница одржана на 13.06.2010 година. (Прилог: копија од Извадок од Нацрт записникот од Владата на Република Македонија). Соодветно треба да се измени и делот Ревизорски наоди точка 1.1 .

3. Во делот III – Законска регулатива констатацијата дека подзаконската регулатива во поголем дел е донесена со задоцнување од една година од проектираниот рок со Законот за ЈВФК не е точна бидејќи подзаконските акти кои се однесуваат на финансиско управување и контрола се објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 147 на 11.11.2010 година, а за внатрешна ревизија во „Службен весник на РМ“ бр. 136 на 12.10.2010 година. Со оглед на тоа дека проектираниот рок за донесување согалсно законот е една година од неговото стапување во сила (31.07.2009 година) рокот беше 31.07.2010 година , задоцнувањето изнесува околу 2 до 3 месеци.

6. Во делот Ревизорски наоди точка 2.3 Финансиско управување и контрола, констатирано е дека податоците од извештаите на ЦЕХ не даваат генерална слика за степенот на исполнување на имплементацијата н аконцептот на ЈВФК. Оваа констатациаја не е точна бидејќи во Годишните извештаи податоците се прикажани збирно за субјектите кои доставиле извештај и поединечно за истите. Со овие податоци се прикажани состојбите како и слабостите со што е дадена генерална слика (табеларен и графички приказ) за степенот на исполнување на имплементација на концептот на ЈВФК, односно наведени се бројките на субјекти од централно и локално ниво, кои воспоставиле систем на финансиско управување и контрола.

8. Во делот Ревизорски наоди точка 4.3 констатацијата дека не се организирани и реализирани домашни обуки поврзани со концептот на ЈВФК ве известуваме дека:

1. Секторот за ЈВФК:

- од 13 до 14 април 2010 година во Клубот на пратениците ја реализира еднодневната обука „Изготвување на Годишен извештај за квалитетот и состојбата на системот за финансиски менаџмент и контрола за 2009 година“ на која земаа учество 120 учесници вработени во единиците за финансиски прашања од сите прва линија буџетски корисници.

- Еднодневна работилница на тема „Внатрешната ревизија и внатрешната контрола во јавниот сектор“ беше спроведена на 22 јуни во Клубот на пратениците во Скопје. Работилницата беше спроведена од Министерството за финансии во соработка со Здружението на единиците на локалната самоуправа- ЗЕЛС согласно заклучокот од 158 та седница на Владата на Република Македонија одржана на 11.05.2010 година. На работилницата учествуваа внатрешните ревизори од 17 општини. Основна цел на работилницата беше учесниците подетално да навлезат и да се запознаат со концептот на Јавната внатрешна финансиска контрола, да добијат насоки за имплементацијата на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, информации за внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија, организацијата и принципите за работа на внатрешната ревизија, како и управувањето со ризик.(Информации за овие две обуки се објавени на њеб стараната на Министерството за финансии)

2. Во организација на Агенцијата за државни службеници во 2009 година се спроведени 5 еднодневни обуки на која присуствувале 70 државни службеницои од централната власт, а во 2010 година исто така 5 еднодневнуи обуки на кои присуствувале 56 државни службеницои од централната власт на кои е презентиран новиот концепт на ЈВФК.

3. Во организација на Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија и Здружението на внатрешни ревизори се организирани повеќе обуки за финансиските работници и внатрешните ревизори.

9. констатацијата дека „Кај 15 институции формирана е ЕВР но истите реално не се пополнети со ниту еден ревизор“ предлагаме да се замени со „ Кај 15 институции формирана е ЕВР но некои не се пополнети со ниту еден ревизор.“

Со почит,

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Трајко Спасовски

Изготвил: Даниел Стојановски
Контролирал м-р Нада Ачевска